Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 30.05.2022

На 29.05.2022 во 03.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.М.(44) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 29.05.2022 година во 12.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(25) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека на 31.03.2022 во станбен објект на улица „Лесковачка" во Куманово и на 05.04.2022 во деловен објект на булеварот „Трета македонска ударна бригада" во Куманово извршил кражби, при што одзел повеќе предмети. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.05.2022 околу 22.30 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.К.(38) од гостиварска Долна Бањица и гостиварците Е.А.(34), Е.Р.(34) и Д.Ш.(37), затоа што при нивен и преглед на патничко возило „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал Е.А., била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.05.2022 околу 20.00 часот на паркинг простор пред спортски центар на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Р.(26) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (30.05.2022) во 01.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.П.(20) од Битола, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана, метална дробилка и дигитална вага. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (30.05.2022) во 01.15 часот на подрачјето на Аеродром во близина на трговски центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.05.2022 на ул.„Цар Самуил" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода А.С.(18) од Битола, затоа што кај него била пронајдена жолто–кафеава материја и притоа физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.05.2022 во 09.50 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници ја лишиле од слобода К.Ѓ.(38) од Куманово, затоа што што при проверка било констатирано дека е евидентирана во службената евиденција со мерка „апси". К.Ѓ. била предадена на полициски службеници од Единица за интервентна полиција при СВР Скопје за спроведување до Казнено-поправната установа Затвор Скопје.

На 29.05.2022 во СВР Битола било пријавено дека при изведување градежни работи на ул.„Широка" во Битола пронајдена е граната. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување и било констатирано дека станува збор за артилериска граната со калибар 155 мм од Првата светска војна.

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово, во рамки на акциските контроли во областа на сообраќајот, на подрачјето на Куманово изречени се вкупно 40 мерки. Притоа, за возење повеќе од дозволената брзина биле изречени 20 санкции, 17 санкции за возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол и 3 за управување возила без возачка дозвола.

На 29.05.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 34 возачи, од кои 12 санкции се изречени на територија на Битола, 2 санкции во Прилеп и 20 санкции на територијата на Ресен.

СВР Штип во текот на 29.05.2022 продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на СВР Штип изречени се вкупно 36 мерки, меѓу кои за возење повеќе од од дозволената брзина 9 санкции, 13 мерки за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 3 санкции за возач почетник. Изречени се и 7 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли.

На 30.05.2022 во 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат – обиколница во Скопје, во близина на клучка Мирковци, патничко возило „фолксваген голф", со косовски национални ознаки, управувано од Х.Ч.(23) од Република Косово, излетало надвор од коловозот. Возачот починал на местото на несреќата, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош Скопје. Увид извршила екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.А.(35) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.11.2020, полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.П.(24) од кичевското село Другово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола на патнички автомобил, што тој го управувал, на регионалниот пат Кичево-Битола, извршена на 24.05.2022 година, полициските службеници пронашле и одзеле марихуана. По изречена мерка притвор во траење до 30 дена, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор - Битола.

На 30.05.2022 во 01.10 часот, полициски службеници од Полициска станица Бит Пазар ги лишиле од слобода Х.Џ.(36) и Д.Џ.(33), двајцата од Скопје, затоа што на ул.„Максут Садик" го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка, поради нерасчистени семејни односи. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.05.2022 околу 14.30 часот во СВР Велес било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Благој Ѓорев" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Д.(23), Р.К.(23) и К.А.(23), сите од Велес, од една страна и З.И.(43) од Велес, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.05.2022 во 04.40 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека на бул.„ВМРО" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Ш.(31) и В.И.(26), двајцата од Скопје. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.05.2022 во 17.25 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Т.(40) од Скопје пријавила дека во трговски центар на ул.„Беласица", по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2022 во Полициската станица Чаир, Р.А.(25) од с.Љуботен, скопско, пријавил дека неговата сестра А.С.(27) од с.Љуботен, за која на 27.05.2022 било пријавено дека се оддалечила од домот, е вратена во својот дом.

На 29.05.2022 околу 11.20 часот на локалниот пат кон с.Богојци, струшко, полициски службеници од Полициското одделение Велешта дале знак за запирање на патничко возило „опел фронтера", без регистарски ознаки, кое било натоварено со дрва и во кое имало две лица. Возачот не застанал и со возилото се обидел да удри двајца полициски службеници. Повредени нема, а увид извршила екипа од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2022 во 02.20 часот во СВР Штип, М.М.(32) од Штип пријавил дека околу 02.15 часот на ул.„ЈНА", по кратка расправија, М.К.(24) од с.Долни Балван, општина Карбинци, го повредил додека управувал возило „ауди а3", со штипски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2022 во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" и ул.„Лазар Личеновски", по завршување на спортски натпревар, повеќе лица фрлале тврди предмети кон возило „сеат", во кое се превезувале навивачи на една од навивачките групи. Откако ги забележал полициските службеници, А.С.(21) од Скопје, при обид да избега се здобил со повреди и бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември", а по укажаната помош бил задржан во полициска станица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2022 во периодот од 15.00 до 21.00 часот, при извршени сообраќајни контроли кон возачи на мотоцикли, евидентирани се вкупно 14 прекршоци (Охрид-04, Кичево-08, Дебар-02). Против прекршителите изречени се соодветни прекршочни платни налози.